Комисијата за избор на грантови ги оцени концептите кои организациите ги поднесоа на повикот за мали акциски грантови на Цивика мобилитас (ЦМ-МАК-02) во периодот од 1 април до 30 јуни 2021.




Беа доставени 66 апликации, од кои три организации добија мал грант, и тоа:

- Здружение на граѓани Центар за животна средина и одржлив развој Богданци со проектот „Воспоставување на механизам за подобрена соработка помеѓу општина Богданци и граѓаните“;

- Здружение за култура и уметност „Арт-Манија “, Куманово со проектот „Доба на неразум“;
- **Здружение Центар за иновации и развој „Инос“ Прилеп** со проектот „Истражувај на тема „Корона вирус – тест за дигиталното општество“;

Новите грантисти ќе дејствуваат во секторите за развој на граѓанско општество, добро владеење и образование, наука и истражување. Од нив, две акции ќе се спроведуваат во период од четири месеци, а една со времетрање од шест месеци.

Избраните организации се од југоисточниот, североисточниот и пелагонискиот регион во РС Македонија и ќе делуваат на локално, регионално и национално ниво.

Вкупната поддршка на Цивика мобилитас за овие мали акциски грантови е 958.000 МКД.